**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото) и Предлогот на Одборот на директори за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2018 година (арх. бр. 187131/1 од 21.03.2019 година), Собранието на Друштвото, на својата годишна седница одржана на ден 09.05.2019 година, ја донесе следната

## Предлог Одлука

### за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2018 година

### Член 1

Собранието на Друштвото ја распоредува нето добивката остварена по Финансиските извештаи на Друштвото за 2018 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија" во износ од 1.596.062.214,00 денари (една милијарда петстотини деведест и шест милиони шеесет и две илјади и двесте четиринаесет денари) за исплата на бруто дивиденда во која се вклучени сите даноци, доколку е применливо, и кои ќе бидат задржани и платени од бруто дивидендата согласно важечката даночна регулатива во Република Северна Македонија на датумот на исплата.

### Член 2

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**